# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д<br>04.06.2007<br>БРОЈ 7 ГОДИНА 42** | |


## С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти 2
2. Заклучок 3
3. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност 3
4. Одлука за усвојување на Програмата за превенција од болестите на зависност кај младите 4
5. Оперативна програма 4
6. Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во периодот од 01.01.2007 год. до 31.03.2007 год. 10


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

### З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година.

**Број 08-1097/3**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр.62/04), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време за 1 час на:

- угостителските објекти за исхрана, без оглед на видот на угостителските услуги, може да работат од 07.00 часот до 01.00 часот наредниот ден;

- угостителските објекти за исхрана, без оглед на видот на угостителските услуги во деновите петок и сабота, спроти празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари може да работат од 07.00 часот до 02.00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 04.00 часот наредниот ден;

- угостителските објекти: ноќен бар и кабаре може да работат од 20.00 часот до 05.00 часот наредниот ден, во деновите петок и сабота, спроти празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари може да работат од 20.00 часот до 06.00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 07.00 часот наредниот ден;

- угостителските објекти: дискоклуб и дискоклуб на отворен простор може да работат од 19.00 часот до 05.00 часот наредниот ден, во деновите петок и сабота, спроти празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари може да работат од 19.00 часот до 06.00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 07.00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1097/3**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот**,** што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година.

**Број 08-1097/3-1**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува Градоначалникот да стапи во контакт со надлежни служби од Управата за внатрешни работи, со цел за регулирање на редот и мирот во ноќните часови по улиците.

**Број 07-1097/3-1**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година.

**Број 08-1097/4**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 21 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр.62/04) и Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност бр.07-2488/5 од 12.10.2005 година, и тоа:

Во член 2, став 1, алинеа 1, бројот „4000“ после зборот „од“ се заменува со бројот „2500“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1097/4**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за превенција од болестите на зависност кај младите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година.

**Број 08-1097/5**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за превенција од болестите на зависност кај младите.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1097/5**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р**

**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**

| Р. бр. | Програмски активности | Рокови за извршување | Носители | Соработници во реализацијата | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Предлагање на предлог програма | Мај 2007 | Координативно тело | | |
| 2. | Разгледување и усвојување на програмата | Мај 2007 | Совет на општина | | |
| 3. | Изработување на лого и мото на координативното тело | Мај 2007 | Координативно тело | Совет на општина Охрид | |
| 4. | Операционализација и имплементација на работата на Координативното тело по пат на редовни состаноци со претставници на телото и соработка во реализација на Програмата како и план за мониторинг и евалуација на активностите | континуирано Мај 2007 - Јуни 2008 | Координативно тело | | |
| 5. | Континуирана медиумска презентација на работата на координативното тело | Континуирано Мај 2007 - Јуни 2008 | Координативно тело | Електронски и пишани медиуми | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Подготвување и анализирање на месечни, квартални и годишни извештаи за сите преземени и спроведени активности на локално ниво | Континуирано Мај 2007 - Јуни 2008 | Координативно тело | | 5.000,00 ден. |
| 7. | Претставување на активностите на програмата на Координативното тело пред локалните институции вклучени во оваа проблематика | Јуни 2007 | Координативно тело | | |
| 8. | Изработување и потпишување на меморандум за соработка со релевантни институции | Мај - Јуни 2007 | Координативно тело | Локална самоуправа на општина Охрид; СВР Охрид; Медицински и здравствени установи; МЦСР - Дневен центар; Образовни институции; НВО; Гранична полиција; Царинска управа; Општински суд; Верски заедници; | |
| 9. | Едукација за комуникација | Јуни | Кардс проект | Претставници на медиуми | |
| 10. | Формирање и редовно ажурирање на база на податоци од сите релевантни институции кои работат со оваа проблематика | Континуирано од Септември 2007 | Дневен центар | Локална самоуправа на општина Охрид; СВР Охрид; Медицински и здравствени установи; МЦСР - Дневен центар; Образовни институции; НВО; Гранична полиција; Царинска управа; Општински суд; | 6.000,00 ден. |
| 11. | Изготвување на едукативен материјал за однесување на различни категории субјекти во летниот период | Јуни 2007 | Координативно тело | | 6.000,00 ден. |
| 12. | Активности за намалување на штети од користење на супстанции при различни масовни манифестации во летниот период | Јуни - Август 2007 | Координативно тело | Невладини организации; Медицински издравствени установи; | 4.000,00 ден. |
| 13. | Оформување на истражувачки РАР тим, изготвување на план и реализација на истражување под наслов „Дијагностицирање на состојбите од областа на асоцијалното однесување на младите во Охрид“ | Септември - Октомври 2007 | Координативно тело | Ученици од основните и средните училишта; НВО; | 60.000,00 ден. |
| 14. | Организациски состаноци со менаџерските тимови на основните и средните училишта во Охрид и раководителите на други релевантни институции | Септември 2007 - Април 2008 | Координативно тело | Претставници од основните и средните училишта; други | |
| 15. | Изготвување на материјал и подготовка на прирачници за реализација на работилница | Септември 2007 | Координативно тело | Локална самоуправа на општина Охрид; | 18.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за едукација на едукатори | | | | |
| 16. | Формирање на СОС инфо линија за болести на зависност | Октомври 2007 | Координативно тело | МЦСР - Дневен центар | 4.000,00 ден. |
| 17. | Едукација на стручните соработници од основните и средните училишта за превенција од болестите на зависност | Континуирано од Септември 2007 | Координативно тело | Претставници од основните и средните училишта; | 30.000,00 ден. |
| 18. | Едукација на наставниот кадар од основните и средните училишта за превенција од болестите на зависност | Континуирано од Септември 2007 | Координативно тело | Претставници од основните и средните училишта; | 15.000,00 ден. |
| 19. | Средба со релевантни фактори од различни организации и тела на тема „Модели и пристапи на превенција, решавање и третирање на проблемите кои се резултат на болестите на зависност“ | Континуирано од Септември 2007 - два пати квартално | Координативно тело | Локална самоуправа на општина Охрид; СВР Охрид; Медицински и здравствени установи; МЦСР - Дневен центар; Образовни институции; НВО; Гранична полиција; Царинска управа; Општински суд; | |
| 20. | Едукација на членовите на здравствено-социјални и други профили во локалното опкружување | Континуирано од Ноември 2007 | Координативно тело | Медицински и здравствени установи; | 15.000,00 ден. |
| 21. | Универзална едукација на родителите за болестите на зависност | Декември 2007 | Координативно тело | | 15.000,00 ден. |
| 22. | Селективна едукација на родители на деца зависници и родители зависници | Јануари 2008 | Координативно тело | | 15.000,00 ден. |
| 23. | Изработка и дистрибуција на едукативен материјал за родители | Февруари 2008 | Координативно тело | | 16.000,00 ден. |
| 24. | Превентивна работа со деца и младинци од основните и средните училишта | Март 2008 | Координативно тело | Претставници од основните и средните училишта; | 15.000,00 ден. |
| 25. | Превентивна работа со деца и младинци со ризично однесување во воспитно - образовните и надвор од воспитно - образовните институции | Април 2008 | Координативно тело | Претставници од основните и средните училишта; други релевантни фактори; | 15.000,00 ден. |
| 26. | Едукација на младински, студентски и други организации | Мај 2008 | Координативно тело | Медицински и студентски организации; НВО | 15.000,00 ден. |
| 27. | Остварување на меѓународна соработка со стручни и релевантни институции кои се занимаваат со оваа проблематика | Мај - Јуни 2008 | Координативно тело | | 30.000,00 ден. |
| 28. | Глобална и сегментарна евалуација на ефектите | Јуни 2008 | Координативно тело | | |
| 29. | Анализа на реализацијата на програмата и проекција на идните активности | Јуни 2008 | Координативно тело | | |
| 30. | Супервизија и следење на целокупната реализација и имплементација на проектот | Септември 2007 - Септември 2008 | Координативно тело | Автори на проектот | 100.000,00ден. |

**ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА 384.000,00 ден.**

- Содржинските активности кои произлегуваат од оперативната програма имаат флексибилен содржински и динамички карактер.

- Теоретските и емпириските искуства во креирање на оперативните активности во креирање на оперативните активности во програмата се резултат на стручните искуства на членовите на Координативното тело, конструктивна соработка со експертите - учесници во Националната стратегија за droги на Република Македонија , „Тримбос Институтот" од Холандија и Националниот Институт за борба против дрога од Унгарија и други меѓународни стручни институции.

- Концепциските основи на програмските активности се во корелација со трендовите на Советот на Европа во стратегиите за превенција од болести на зависност кај младите.

- Финансиските индикатори за реализација на проектните активности вклучуваат: хонорари за авторите на проектот и континуирана супервизија и имплементација на проектните активности, реализација на предавања, трибини, работилници од членовите на Координативното тело, трошоци околу истражувачките активности на членовите на телото, материјални трошоци за реализација на истражувачките активности, медиумска презентација, реализација на меѓународна соработка и други видови.

- Проектните активности во програмата произлегуваат од реализација на Проектот „Превенција на младите од злоупотреба на супстанци кои создаваат психофизичка зависност" изработен од Д-р Кевереcки Љупчо и Жанета Никовска - Стојковска.

## *Општо за проектот*

- Изработен на темел на националната стратегија на Р.Македонија

- Претставува оперативен план со конкретизирани насоки

**ЦЕЛИ**

**ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ**

- ефикасно, координирано и системско делување за намалување на злоупотребата на алкохолот, цигарите и дрогите помеѓу младите и општата популација во локалната заедница;

- спречување или одлагање на ПОЧЕТОКОТ НА злоупотребата на супстанции кај младите;

- унапредување на општото здравје на популацијата и усвојување на здрави животни стилови.

(Програма: три години)

**КРАТКОРОЧНИ ЦЕЛИ**

- Оспособување и јакнење на институционалните и човечки ресурси (професионалци и други соработници во Проектот) вклучени во системот на борба против зависностите за пренесување на знаења и усвојување на вештини за зачувување и унапредување на здравјето

- Заштита на здравата популација

- Со едукацијата на родителите да се подигне нивото на знаења за болестите на зависност и да се влијае на изградување на ставови за зависноста и поттикнување на успешното родителство

(Програма: една година)

**АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ**

Ќе се одвиваат по планирана динамика и низ проектните две нивоа:

- Универзалната превенција - таа ќе биде насочена кон сите членови на популацијата во општината, кон потенцијално здравата популација, а особено децата и адолесцентите кај кои постои истиот општ ризик од злоупотреба на супстанции;

- Селективната (насочената) превенција - се реализира на одредени групи од популацијата (професионални работници и педагошки работници), ризико групи што ќе се идентификуваат при имплементација на универзалната превенција;

- ученици кои се неуспешни на училиште, деца чии родители веќе развиле некаква зависност - пр.алкохолизам и сл.; лица изложена на ризик од злоупотреба на супстанци поради

семејна историја или место на живеење - соседство каде постои зголемено користење на супстанци; млади луѓе изложени на психолошка или сексуална злоупотреба;

Континуирано и систематски ќе се работи со младите лица кои покажуваат почетни знаци на злоупотреба на супстанции (експериментатори) и други проблеми во однесувањето: како што се отуѓување од родителите, училиштето и позитивните групи на врсници. Овие млади лица или поединци ќе бидат пренасочени и упатени кон Специјални превентивни програми и третман за нив, кој ќе се одвива во „Дневниот Центар за корисници на droги и членови на нивните семејства“.

**ЦЕЛНИ ГРУПИ**

Во I фаза:

- деца и младинци од основните и средните училишта за кои се претпоставува дека не започнале со користење на супстанци;
- родители;
- релевантни професионални работници во училиштата (психолозите и педагозите);
- педагошки работници - наставници и професори.

Во II фаза:

- Популација на:
- Младите експериментатори
- Млади со развиена зависност од супстанци
- Ризични групи (некомплетни семејства, со асоцијално однесување, итн.)
- Студентска младина
- Деца од елитни семејства
- Корисници кои употребуваат супстанци на проблематичен начин
- Подмладок на политичките партии во Охрид, без разлика на политичката провиненција
- Членови на невладини организации
- Новинари вработени во локални медиуми
- Неформални групи на човечки ресурси заинтересирани да се вклучат во превенцијата
- Женски здруженија

**НОСИТЕЛИ НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ**

Именуваните членови на Координативното тело за превенција од зависности на Охрид, кои се професионалци од различни дејности и заинтересирани експерти за спроведување на Проектот.

**ВРЕМЕ НА ОДВИВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ**

Континуирано по фази:

- „Да се Едуцираме - За да се Заштитиме!“
- „Борба против зависноста - борба за здраво семејство!“
- „Зошто да им се каже НЕ на супстанциите кои создаваат зависност?“
- „КАКО да им се каже НЕ на супстанциите кои создаваат зависност?“

Во I фаза Акцент е ставен на:

- Универзалната превенција која ги опфаќа следните подпрограми:
- Едукација, Информација, Комуникација со учениците
- Едукација, Информација, Комуникација со родителите

Ќе ја спроведуваат едуцирани едукатори.

- Насочената - Селективната превенција која ги опфаќа подпрограмите:
    - Едукација на Едукаторите
    - Работа со деца и млади со ризично однесување во воспитнообразовниот состав
    - Работа со деца и млади со ризично однесување надвор од воспитнообразовниот состав

**Имплементација на проектот**

- Дефинирање на соработката со училиштата и другите институции по пат на потпишување на меморандуми

- Умрежување со други компетентни стручни лица
- Организирање на семинари - тренинзи за едукација на водителите на работилниците за начинот на работа и реализирање на материјата осмислена во работилниците
- Дистрибуција на изготвените Прирачници за имплементација на работилниците:
- за работа со учениците во основните училишта
- за работа со учениците во средните училишта
- Дистрибуција на студиски материјали за едукација на едукаторите
- водителите на работилниците
- Рано откривање и Организирање на советувалишна работа за јакнење на социјалните вештини на учениците

Во овој дел од проектот е предвидено да бидат вклучени психо - социјалните одделенија кои имаат законски пропишана стручна подготовка за реализирање на оваа програма на советувалишна работа.

- Што поголемо вклучување на младите во овој проект и врсничка едукација

Методологија на работа
- Работилници
- Семинари
- Јавни трибини
- Дебатни собири
- Едукативни настапи и емисии во медиумите
- Тркалезни маси
- Работа на терен и други облици на јавно едуцирање

Континуирано медиумско известување и пратење на реализацијата на програмата

Информирање, сензибилизирање, анимирање и поддршка на јавноста во борба против зависностите

Континуирани промоции и медиумски презентации за планираните и реализираните активности од Проектот, како и подигање на степенот на општата информираност на јавноста, во вид на Прес - конференции кои ќе се одржуваат повеќе пати во текот на месецот.

Примена на евалуациски техники и инструменти за ефикасноста на превентивните мерки и активности, како и континуирана процена на ангажираноста на членовите на Координативното тело.

Покрај Програмите за рехабилитација и ресоцијализација, која се врши во „Дневниот Центар за корисници на дроги и членови на нивните семејства“, како Одделение на ЈУ МЦСР и програмите за намалување на штетите, кои битно придонесуваат за превенција на различните аспекти на зависноста, за поефективно сузбивање на зависноста од супстанциите кои создаваат зависност треба да работиме на причините на настанување на проблемот на зависност.

Затоа оваа Превентивна Програма ја спроведуваме со цел делување за намалување на причините за појава на зависноста, т.е. намалување на побарувачката на алкохолот, цигарите и дрогата, а не само на намалување на последиците (штетите).

Со тоа би им дале помош на семејствата и би ги унапредиле мерките на заштита на здравјето на децата и младите и програмите за превенција, третман и лекување на зависноста.

Материјалите ќе бидат трансформирани и адаптирани според когнитивните способности на учениците од односните одделенија, со цел соодветно да се восприемат и спроведат.

**Број 07-1097/5-1**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2007 година ДО 31.03.2007 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во периодот од 01.01.2007 год. до 31.03.2007 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година.

**Број 08-1097/6**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.05.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2007 година ДО 31.03.2007 година**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во периодот од 01.01.2007 год. до 31.03.2007 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во периодот од 01.01.2007 год. до 31.03.2007 год., бр.02-522/3 од 17.05.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1097/6**
**31.05.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р**